ШТО МИСЛИМЕ ДЕКА ЗНАЕМЕ ДО ДЕН ДЕНЕШЕН

Џејмс Донели е роден 1874 во Масачисетс како син на Џејмс А. и Мари Донели. Пронајдовме податок од 1900 во САД кој сведочи дека тие живееле во Њујорк на 320, 43-та улица. Биле пет момчиња од кои Џејмс Ф. било најстарото. Неговиот брат Џозеф П. бил исто така роден во Масачусетс во 1878. Неговиот брат Џин Х. Бил роден во Њујорк во 1879 па тоа значи дека се преселиле во Њујорк таа година. Неговиот брат Фредерик Е. бил роден во 1884. Ние успеавме да стапиме во контакт со ќерка на Фредерик која е сеуште жива во нејзините 95 години. Се надеваме дека со време таа ќе биде во состојба да ни даде повеќе информации за семејството а дури можна е и фамилијарна слика. Најмалиот син од петорицата бил Конрад, роден 1890 година. Документот покажува дека таткото Џејмс А. бил ѕидар, Џејмс Ф. доктор, Џозеф П. војник, Џон Х. трговец, Фредерик бил курир во хотел а Конрад студент во средно училиште.

Сликата погоре е земена од Универзитетот од Луисвил и е од факултетот и дипломците во Медицинскиот Департман. Џејмс Донели е запишан за првпат во Пописот од 1900 како жител на Њујорк, самец. Неговиот брат Фред се појавува во 1910 како жител на Њујорк оженет со Рита. Тие живеат во Њујорк низ Пописот од 1930 и имаат четири деца, две машки и две девојчиња. Од дел од весникот Њујорк Трибјун дознавме дека во Јуни 1914 година, Џејмс се оженил со Флоренс Меј Келерман од Филаделфија, која била и претходно мажена. Ова беше важно откритие бидејќи тој редовно и емотивно ги спомнува во објавениот дневник во Њујорк Тајмс (њујоршко време-весник) неговата жена и неговиот син. Се чини дека тој немал претходен брак и до тогаш немал негови биолошки деца. Меј изгледа имала ќерка и син од претходниот брак и претпоставуваме дека Џејмс Донели раскажува за овој син во дневникот. Тој пристигнува во Гевгелија на 18 декември 1914 што значи дека бил во брак најмногу седум месеци пред да заминат од Њујорк. Тој умира на 22 Февруари 1915 само 9 месеци по неговата венчавка.

Главно од информација најдена во помени во времето на неговата смрт, знаеме дека тој имал добиено медицинска диплома од Универзитетот во Луисвил во 1900. Исто така во два навцрати е спомнато дека имал и Медицинска Диплома од Холандија. Се чини дека неговата кариера се развивала во она што би го нарекле денес интернационална нега и мењдицина во транзит. Тој е опишан како здравствен офицер за Италијанската република и во период од три години како здравствен офицер на пристаништето во Њујорк. Се чини дека работел и во Канара и Хамбург-Американски бродски линии. Ова е диреkно поддржано со неговиот авторски натпис "МЕДИЦИНСКА УСЛУГА ВО ТГРОВСКАТА МРЕЖА". Тој е прикажан како "ХИРУРГ ВО ТРАНСАТЛАНСКАТА УСЛУГА" на насловната страна. Една од најавите опишува дека тој отишол во Белгија со пртвиот американски Црвен Крст и потоа се вратил, и претпоставуваме бил назначен во Гевгелија. За појаснување: Гевгелија се наоѓа во сегашната држава Македонија (ФИРОМ) која во тоа време на Првата Светска Вонја била идентификувана како Србија или спелувано Servia (Сервиа) преку повеќето документи на веб страните. Балканската историја е екстремно комплексна со граници и имиња на земји кои се менувале редовно и брзо. Ова е еден од предизвиците како шармот на оваа област во светот.

Добивме одлични детали за активностите на д-р Донели, мисли и емоции за време на неговото време и работење во Гевгелија од чланок во Њујорк Тајмс кој содржи делови од неговиот дневник. Им препорачувам на посетителите на страната да почнат со овој дел и да го прочитаат целосно бидејќи приказната е целосно опфатена со негови зборови. Затоа, нема да се повторувам туку ќе речам дека тој го почнал неговиот дневник кога пристигнал на 18 Декември и последното внесување е на 18 Февруари кога го чека на железничка Сер Томас Липтон. Се чини дека тој се разболел на 20 Февруари. Од посмртницата, најдена во списите од оваа веб страна заведена од Американскиот Конзулар во Солун, тој починал на 22 Февруари од самонанесена рана од куршум на пушка дода бил во делириум од Тифус. Нема други записи кои говорат за ова но со оглед на официјалната природа на овој документ, нема основа за сомнеж врз овој факт. Издание на Американскиот Црвен Крст најдено на страната на Болницата Црвен Крст од оваа страна дава поопшти информации за работата и условите на болницата во Гевгелија.

Од мнигуте помени кои се извадени, а секако и и изданието на стручњаци за дневници во Њујорк Тајмс, се чини дека приказната беше озлогласена за некое време во Њујорк. Чудно и интригирачко е тоа што телото на Џејмс Донели не било есхумирано и вратено во САД по една година. Условите за враќање на останките кои резултирале од смрт поради Тифус се објаснети во документот за известување за смртта.

Можеме само да шпекулираме  дека за толку кратко време во брак, Меј-неговата жена можеби не била мотивирана да ги следи сите овие процедури. Нема официјални записи за смртта во Гевгелија освен значајниот надгробен камен поставен на посебно место во гробиштата во Гевгелија кој го покрена прашањето и го започна овој проект. Кој бил Џејмс Донели? Така, приказната за Џејмс Ф: Донели продолжува да има аура на мистичност која не заобиколува од двете страни на атлантикот.

ПРИЗНАНИЈА
од почетокот, овој проект стана групен напор и би скала да го оддадам своето признание и да се заблагодарам на сите луѓе и организации кои помогнаа да се придвижат работите. Наоѓањето на чланокод од Њујорк Тајмс беше непроценливо. Ирена Ташева, колешка на мојата сопруга во основното училиште Крсте Мисирков во Гевгелија, го преведе чланокот од весникот на македонски за да можат локалните жители да ја разберат приказната. Американскиот Црвен Крст  ни ја даде информацијата за гевгелиската болница која ја содржеше прекрасната и многу важна слика. Нашата добра пријателка од Колорадо, Лиса Батлер нед упати во правата насока користејќи го сопственото искуство за фамилијарна генеалогија. Двајца професионални генеалози/историчари ни помогнаа без надомест Јордан Аусландер најде неколку огласи кои не доведоа до важни податоци, посебно за венчавката со Меј Келерман. Меган Смолењак реконструираше повеќе од приказните на Донели во америка, вклучувајќи го и откривањето на предците на братот на Донели-Фред. Катерин Адамс Стонер не насочи кон првата и засега единствена фотографија од Џејмс која е најдена на страната на Универзитетот во Луисвил за Дигитални Колекции.после е препратена на фејсбик страната на американската амбасад во Македонија. Многу сум благодарен за сета помош. Исто така сакам да ја изразам и својата восхит кон Аце Ристовски, Директорот на фондацијата Аполонија и неговата љубопитност и ентузијазам за животни приказни, кои го иницираа овој напор, Би биле доста возбудени кога би го нашле целиот дневник архивиран овде некаде. Ги покануваме сите заинтересирани да ни се продружат.

Продолжува: